# Штедење енергија дома

## Енергијата користете ја поумно

Штедењето на енергија дома е еден од најлесните начини да добиете пониски сметки за енергија. Колку помалку енергија користите дома толку повеќе пари ќе заштедите.

Голем број домашни апарати, како што се микробранови печки, полначи за телефони, модеми, чајници и тостери не користат многу енергија.

Апарати кои користат најмногу енергија се тие што греат и ладат, како што се греалки и клима-уреди. Еве неколку совети како да ги намалите трошоците од тие апарати, а истовремено да ви биде удобно во вашиот дом.

## Како да се штедат пари на греење и ладење

- Секогаш исклучете го греењето или ладењето ако не сте во собата. Не плаќајте за греењето и ладењето што не го користите.
- Затворете ги вратите од просториите во вашиот дом што не ги користите. Колку што е помал просторот, толку е поевтино да го загревате или ладите.
- Затворете ги завесите за да ја задржите топлината внатре зиме, а топлината надвор лете.
- Обидете се да ги затнете празнините околу вратите и прозорците.

### Машина за перење алишта

Кога перете, користете студена вода наместо топла вода. Така ќе заштедите околу 115 долари годишно.

### Совети за греење

20°C

Наместете го греењето на 20 степени.

Ако имате клима уред што грее и лади, користете го за греење. Така се троши помалку енергија одошто ако се вклучат греалки.

Користете електрично ќебе наместо да го вклучувате греењето преку ноќ. Тоа е околу 20 пати поевтино од греалка.

### Совети за ладење

24°C

Наместете го клима уредот на 24 степени за да заштедите пари и да ви биде удобно.

Ако имате, користете вентилатор (fan). Вентилаторите се евтин начин за ладење на вашиот дом.

Ако имате надворешни ролетни (blinds) спуштете ги преку лето за домот да се заштити од жешкото сонце.



VICTORIA State Government
Environment, Land, Water and Planning